**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-539/7**
**Скопје, 10.11.2006 година**

**ДО**
**ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ РЕСЕН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, за 2005 година кои се прикажани на страните од 13 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

    - Д-р Гоце Андоновски, вд директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 13 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 06.07 - 21.07.2006 година и од 14.08 - 25.08.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
    - дали се законски засновани побарувањата и обврските.
8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.
9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 26.10.2006 година добиени се забелешки на претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-334/2 од 23.10.2006 година. Истите беа разгледани и делумно прифатени.

11. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревзија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти:**

11.1.1.Со увидот на документацијата за сопственост – поседовни/имотни листи ревизијата утврди дека за дел од објектите и земјиштето каде ЈЗУ Здравствен дом Ресен ја извршува дејноста не се целосно регулирани имотно правните односи и сопственоста на објектите и земјиштето, што е во спротивност на Закон за користење и располагање со стварите на државните органи, што има влијание на реалноста на билансните позиции во Билансот на состојба.

Во текот на 2006 година доставено е барање до надлежните институции за историјат на извршените промени на поседовните листови како и промена на култура и снимање на објектите кои се во сопственост на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, односно постапено е по известување од Министерство за здравство и Закон за користење и располагање со стварите на државните органи.

11.1.2.Изготвен е финансискиот план и доставен до Фондот, без истиот да биде усвоен од страна на Управниот одбор, што е спротивно на член 16 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, поради што истиот не е доставен на седница на Управен одбор на усвојување. Истото влијае на финансиското управување, регулирано со Статутот на субјектот.

**Препорака:**
Со цел за добро финансиско управување, финансискиот план на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, да се усвојува од страна на Управниот одбор.

11.1.3.ЈЗУ Здравствен дом Ресен наплатата на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување ја врши во паушален износ, кој не е еднаков со износот на фактурираните здравствени услуги, односно ЈЗУ Здравствен дом Ресен има примено повеќе аванси од извршени здравствени услуги, поради не склучен Договор со Фондот за извршување на здравствените услуги, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на начинот на плаќање на здравствените услуги, односно вршење авансни исплати од Фондот во износи потребни за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги, а со тоа и надминување на планираните приходи.

**Препорака:**
Да се склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија согласно прописите.

11.1.4.Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради непостапување во законската регулатива, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон.

**Препорака:**
Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

11.1.5.Не е изготвен акт за начинот на вреднување на залихите, како и акт за утврдување на процентот на маржата при продажба на лекови од негативна листа, спротивно на член 16 од Статутот и одредбите на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Поради непочитување на законската регулатива истото има влијание на уредното и ажурно сметководствено работење.

За утврдување на процентот на маржата за лековите од негативна листа, ревизијата не дава препорака, поради тоа што е извршена приватизација на работењето со аптеките.

**Препорака:**
Да се изготви акт за начинот на вреднување на залихите.

11.1.6.ЈЗУ Здравствен дом Ресен во текот на 2005 година има ангажирано од 19 до 25 вработени по договор за дело, за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос.
Со склучување на договори за дело за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, лицата ангажирани на овој начин, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос, меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

**11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

11.2.1.ЈЗУ Здравствен дом Ресен евидентирал обврска за данок од добивка на приходите што се остварени по основ на средства кои се строго наменски за обавување на дејноста а кои не влегуваат во даночната основа, во износ од 1.444 илјади денари, што е спротивно на член 47 од Законот за данок на добивка (пречистен текст). Поради воспоставениот начин на пресметка на данокот на добивка има влијание на реалноста на искажаните обврски.
Во текот на ревизијата ЈЗУ Здравствен дом Ресен достави писмо до Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македанија и Министерството за финансии, за автентично толкување на член 47 од Законот за данок на добивка (пречистен текст) да утврди кои средства се третираат како строго наменски, односно по кој основ ЈЗУ Здравствен дом Ресен е даночен обврзник на данок на добивка.

**Препорака:**
Врз основа на дополнително добивање на одговор од надлежните институции, да се превземат мерки за соодветно евидентирање на данокот на добивка.

11.2.2. Не се врши претходна контрола на финансиската документација, што е спротивно на член 14 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетски корисници и нема систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на законитоста на финансиските промени, сметководствената документација, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници, поради тоа што со Правилникот за организација и систематизација не е предвидено такво работно место за спроведување на истото. Истото има влијание на можноста за ненаменски и незаконски трансакции.

**Препорака:**

Да се обезбеди систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, согласно законската регулатива.

11.2.3. Не постои усогласеност на евиденцијата во материјално книговодство -книгата (попис) на капиталниот имот (како задолжителна помошна книга) и пописот на материјалните средства во делот на опремата по видови, количина и вредност со евиденцијата во финасиско книговодство во период од 1992 - 2005 година, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради нецелосно пополнување на дел од пописните листи со книговодствена вредност, како и воспоставениот начин на внесување и обработка на податоците (кое се врши рачно). Истото има влијание на реалното и објективното проценување на материјалните средства во делот на опремата во Билансот на состојбата.

**Препорака:**

Да се воспостави соодветно водење на сметководството и деловните книги, и изврши усогласување на евиденцијата на капиталниот имот во материјално книговодство и пописот со финансиското книговодство.

11.2.4. Ревизијата констатира неусогласеност на билансните позиции, што е спротивно на одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа кај:

- Материјалните средства и Изворите на капитални средства, во делот на Државен-јавен капитал во Билансот на состојба, поради евидентирање на финансиски трансакции во минати години и тековната година кои не се однесуваат на набавки на капитални средства, а врз основа на донесени одлуки од Управен одбор за покривање на загубата на терет на деловниот фонд, со што нереално се искажуваат билансните позиции.

- Залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и Изворите на капитални средства, во делот на Останат капитал, поради примена на пресметковен начин на евидентирање на набавките на канцелариски материјали и средствата за хигиена и има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
Да се изврши усогласување на евиденцијата.

11.2.5.Ревизијата при увидот на документацијата и пописот на залихите утврди неправилности, што се во спротивност на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради несоодветно воспоставен начин на евидентирање и усогласување со пописот. Истото има влијание на спроведување на сметководствената евиденција согласно законските прописи и тоа:

- не е воспоставена материјална евиденција на набавените лекови за болничка аптека-депо во текот на 2005 година во износ од 4.904 илјади денари;
- утврдена е разлика во пренесената состојба од 2004 година помеѓу финансиската и материјалната евиденција на залихата на материјали во износ од 189 илјади денари;
- утврдена е неусогласеност помеѓу фактичката со книговодствената состојба на залихата на материјали, пренесена како почетна сотојба во 2005 година за износ од 227 илјади денари.

Во 2006 година воспоставена е материјална евиденција на лекови во болничка аптека..

**Препорака:**

Да се врши усогласување на финансиската и материјалната евиденција на залихата на материјали со пописот.

11.2.6.Не е воспоставен систем на контрола на набавките на лекови и потрошен материјал и друг материјал по количини и вредност во магацинот и во болничка аптека, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради несоодветно воспоставен начин на следење на набавките кое има влијание на соодветно и навремено утврдување на потребата од набавки по количини согласно потребите и на наменско и законско трошење на истите.

**Препорака:**

Да се воспостави соодветна контрола на набавките на лекови и потрошен материјал по количини и вредност во согласност со утврдените потреби од јавните набавки.

11.2.7.ЈЗУ Здравствен дом Ресен врши попис на добиена хуманитарна помош на лекови за која нема воспоставено сметководствена евиденција, спротивно на Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници, поради извршен прием на истата во период пред 2005 година, без вредност, документ за прием и записници за расходување и уништување на истата кое има влијание и на финансиските извештаи..

**Препорака:**

Да се врши сметководствено евидентирање на добиена хуманитарна помош, изготвуваат Записници за прием, расходување и уништување на истата.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба – побарувања и обврски

11.3.1. Утврдени се неправилности кај побарувањата за авансно исплатени обврски спрема добавувачите за кои согласно книжните известувања-писма од ФЗОМ се извршени плаќања на добавувачите во вкупен износ од 327 илјади денари, што е спротивно на член 7 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи, за која обврска не постои основ, поради недоставени и неевидентирани фактури за набавки кои се направени од страна на Фондот и непреземени мерки за наплата од добавувачите и влијае на реалното искажување на побарувањата.

**Препорака:**

За евидентираните претплати од страна на Фондот за набавки за кои не постои основ, поради недоставени и неевидентирани фактури за обврски спрема добавувачите за потребите на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, да се обезбеди известување од Фондот за преземени мерки за наплата на побарувањата за авансно исплатени обврски од добавувачите, по редовен или судски пат.

11.3.2. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации),не бевме во можност да се увериме дека состојбата на побарувањата е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (40%) од комитентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на ЈЗУ Здравствен дом Ресен. Од вкупно добиените одговори, 50% не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 223 илјади денари.

**Препорака:**

Да се врши редовно усогласување со комитентите.

11.3.3. Не постои усогласеност на билансните позиции во Билансот на состојба и тоа на Побарувањата со Пасивните временски разграничувања и Активните временски разграничувања со Обврските, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради примената на пресметковен начин на евидентирање на позициите. Истото влијае на реалноста на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските со Временските разграничувања и да се применува буџетски начин на евидентирање на побарувањата и обврските.

11.3.4. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации),не бевме во можност да се увериме дека состојбата на обврските е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (30%) од комитентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на ЈЗУ Здравствен дом Ресен. Од вкупно добиените одговори, 50 % не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 85 илјади денари.

**Препорака:**

Да се врши редовно усогласување со комитентите.

11.3.5. Не е извршено евидентирање во финансиската евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, односно не е воспоставен систем на задолжување и контрола на трошењето, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради погрешно воспоставена пракса на работа и евиденција и има влијание на можноста за ненаменско трошење на:

- лековите и потрошниот материјал по трошковните места – одделенија,
- резервни делови и материјали набавени за одржување на возилата
- екстра лесно гориво набавено за затоплување на Домот.

**Препорака:**

Да се воспостави евиденција и систем на контрола за следење на залихите на лековите и медицинскиот материјал по трошковни места - одделенија, резервните делови и горивото.

**11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:**

11.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со финансискиот план и спротивно на законските прописи.

- Во текот на 2005 година искажани се расходи кои ги надминуваат планираните средства со финансискиот план во износ од 856 илјади денари и тоа на ставката:

- Други тековни расходи за износ од 627 илјади денари, поради непредвидена исплата по Решение на Управата за јавни приходи за утврдена неисплатена основица на ДДВ.

- Градежни објекти за износ од 159 илјади денари, поради погрешно превземени градежни работи за специјалистичка ординација по кожни болести и стоматолошка ординација во ОУ „Мите Богоевски,, Ресен.

**Препорака:**

Да се врши наменско трошење на средствата, согласно планираниот и одобрен финансиски план, а за непредвидените исплати да се извршат соодветни пренамени.

11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот од името на група набавувачи (јавните здравствени установи) кои имаат потреба од ист вид на набавка, а набавката се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали помеѓу Фондот и добавувачите, кој не содржи податоци за количината на лекови и медицински материјали кои ЈЗУ Здравствен дом Ресен може да ги набави во тековната година, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки, поради несоодветна примена на законската регулатива.

Истото влијае на контролата за следење на извршувањето на договорите, склучени помеѓу Фондот и добававувачите по количини, вредност и времетраење, како и начинот на вршење на нарачки. Со овој начин на набавки на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен му се овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава обврски над реалните потреби.

Фондот во текот на 2006 година има склучен договор со ЈЗУ Здравствен дом Ресен за спроведување на постапка за групна набавка на лекови од позитивна листа.

**Препорака:**
Со склучување на договорот за групна набавка да се постапува согласно член 2 од истиот, каде е регулиран начинот за утврдување на количината на лекови и медицински материјали, кои ЈЗУ Здравствен дом Ресен може да ги набави од вкупно утврдени потребни количини со групната набавка, како основ за контрола и следење на извршувањето на договорите, склучени помеѓу Фондот и добавувачите, за интерни контроли и контроли од Фондот за начинот на вршење на нарачки.

11.4.3.Во текот на 2005 година извршени се набавки на комерцијални лекови за аптеките, во вкупен износ од 823 илјади денари, со спроведена постапка од мала вредност, наместо постапка за јавна набавка со отворен повик, при што се вршени и набавки од добавувачи кои не се избрани како најповолни во спроведената постапка, а за дел од набавките процент на рабат во фактурите не е во согласност со процент утврден во понудата, спротивно на Законот за јавни набавки, поради нецелосна примена на законската регулатива и очекување на мали набавки поради приватизација на аптеките. Истото има влијание на вршење незаконски набавки.

11.4.4.Во текот на 2005 година извршена е набавка на екстра лесно гориво по спроведени постапките за јавна набавка за грејна сезона 2004/2005 и 2005/2006 при што ревизијата ги утврди следните неправилности:

- извршена е испорака на дел од количините на екстра лесно гориво пред потпишување на договорите помеѓу ЈЗУ Здравствен дом Ресен и најдобро рангираните понудувачи по постапката за набавка со Отворен повик, 4/2004 Чоки – С, Скопје во износ од 683 илјади денари и Отворен повик 2/2005 Митоил, Ресен во износ од 111 илјади денари, што е спротивно на член 25 од Законот за јавни набавки, поради итност. Истото влијае на вршење набавки по зголемени цени.

- При испораката и исплата на фактурите на екстра лесно гориво не е запазен договореноt рабат на цените за 13,16% од ЧОКИ - С ДООOЕЛ од Скопје и од МИТОИЛ од Ресен, што е спротивно на член 50 од Законот за јавни набавки, поради неизвршена контрола на цените во однос на важечките цени утврдени од Регулаторната комисија за утврдување на највисоките цени на одделни нафтени деривати на денот на испораката, намалени за износот на договорениот рабат, а на ЈЗУ Здравствен дом Ресен му е нанесена материјална штета за износ од 154 илјади денари.

11.4.5.За спроведената постапка со Отворен повик 01/2004 од 20.08.2004 година, за набавка на стоматолошки и заботехнички материјали, не е

доставена документација за докажување на техничката способност на дел од понудувачите, спротивно на член 57 од Законот за јавни набавки, поради тоа што истото не е наведено во објавениот Отворен повик. Истото има влијание на правилноста на спроведената постапка.

11.4.6.Спроведени се постапки за јавни набавки со забрзани постапки без да биде запазен периодот за забрзана постапка, односно постапката има повеќе формален карактер, што е спротивно на член 58 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки, поради незапазување на законската регулатива и има влијание на динамиката на изведувањето на планот за јавни набавки и тоа за:

- набавка на лабораториски и рентгенски материјал за 2005 година со Отворен повик бр 2/2004 и
- услуги за физичко обезбедување на имот и лица на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, за 2005 година со Отворен повик 7/2004

11.4.7.Ревизијата констатира дека се спроведени постапки за јавна набавка од мала вредност за договорни услуги, реконструкција, адаптација и набавка на ситен инвентар во вкупен износ од 183 илјади денари и звршени се дополнителни градежни работи во вкупен износ од 206 илјади денари без постапка за јавна набавка за специјалистичка ординација по кожни болести и стоматолошката ординација во ОУ „Мите Богоевски „ Ресен, при што ги утврди следните неправилности и тоа:

- договорните услуги за создавање на услови за специјалистичка ординација по кожни болести и стоматолошката ординација во ОУ „Мите Богоевски „ Ресен не се предвидени во планот за јавна набавка за 2005 година,
- одлуката за јавна набавка за градежни услуги формално е донесена по извршените градежни работи и извршената исплата кон изведувачот Еурокомерц - Ресен уште, со што не е почитувано правилото во Законот за јавни набавки во делот на одлучување за најдобрата понуда,
- извршено е делење на јавната набавка со спроведени две постапки за набавка од мала вредност и ангажирање на повеќе изведувачи за истото, што е спротивно на член 51 од од Законот за јавни набавки,
- не е извршен надзор и не постои технички прием за извршената работа од страна на изведувачот Еурокомерц – Ресен,

11.4.8.Ревизијата не може да се увери во правилноста на реализацијата на спроведените постапки за набавка од мала вредност на канцелариски, медицински материјали, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради невршење контрола од аспект на износот на извршените набавки по видови и количини. Истото може да влијае на вршење набавки за одредена потреба над 3000 евра во денарска противвредност регулирана со Законот за јавни набавки.

11.4.9.Ревизијата при контрола на спроведените постапки за набавка од мала вредност ги утврди следните неправилности и тоа:

- Со одлуката за потреба на одделната набавка, не се утврдува предметот на јавна набавка, не е наведена количината, износот на

средствата потребни за реализација на набавката и критериумите за избор на најповолен понудувач, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки, поради незапазување на законската регулатива. Истото има влијание на нееднаков третман на понудувачите.

- Кај дел од понудите не постои датум, печат, прецизирање на цената ( со или без ДДВ), а дел од понудите се со датум пред датумот на Одлуката за јавна набавка.

*Неспроведувањата на постапки за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за измами, грешки и набавки по зголемени цени.*

**Препораки:**

Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.3 финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗУ Здравствен дом Ресен под 31 Декември 2005 и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.4. кај ЈЗУ Здравствен дом Ресен не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точката 10.3 побарувањата и обврските со состојба на 31 Декември 2005 година, се законски засновани согласно важечката законска регулатива.

15. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

15.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

15.1.1. Во текот на ревизијата пуштен е налог за докнижување на неевидентирани фактури за градежни работи за реконструкција на физикална, интерно и кожно одделение, во вкупен износ од 274 илјади денари, со што извршено е реално искажување на позициите Материјални средства и Извори на деловни средства (во делот на Државен-јавен капитал) во Билансот на состојба, односно постапено е согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

15.1.2. Во текот на ревизијата пуштен е налог за прекнижување од ставката Државен-јавен капитал во Билансот на состојба на ставката Дел од вишокот на приходи над расходи, во вкупен износ од 4.766 илјади денари, поради погрешна сметководствена евиденција, со што извршено е реално искажување на билансните позиции во Билансот на состојба, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

15.1.3. Во текот на ревизијата пуштен е налог за докнижување на позицијата Активни временски разграничувања во Билансот на состојба, за износ од 579 илјади денари и на позициите Краткорочни финансиски

обврски за износ од 492 илјади денари и Обврски спрема државата и други институции за износ од 87 илјади денари, поради неевидентирани обврски од 2005 година за неисплатени обврски по договор за дело, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

15.1.4. Во текот на ревизијата пуштен е налог за докнижување на Позициите Активни временски разграничувања и Обврски за примени аванси во Билансот на состојба за износ од 62.186 илјади денари за примено повеќе аванси од извршени здравствени услуги, кои на крајот на годината се затворени и евидентирани само како приход, но не како обврска, а произлегуваат од периодот 2002-2005 година, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и реално е прикажана обврската на ЈЗУ Здравствен дом Ресен спрема Фондот за здравствено осигурување.

15.1.5. Во текот на ревизијата пуштен е налог за книжење на ставките Материјали на залиха и Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) во Билансот на состојба за износ од 1.774 илјади денари, поради извршено сторнирање на крајот од годината на непотрошените лекови и медицински материјали, утврдени со попис по одделенија, истите претставуваат залиха во моментот на изготвување на завршната сметка, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

16. **Обелоденување*:***

16.1. Заклучно со 31.12.2005 година, ЈЗУ Здравствен дом Ресен има примено повеќе аванси отколу што извршил здравствени услуги во износ од 62.185 илјади денари и истите евидентирани (прифатени корекции во текот на ревизијата) како обврски по примени аванси кон Фондот за здравствено осигурување на Македонија, а утврдени врз основа на извршени усогласувања со подрачната служба на Фондот од Ресен, кои покрај тоа не се усогласени со побарувањата за дадени аванси, евидентирани кај Фондот за здравствено осигурување на Македонија (76.630 илјади денари), како и евиденцијата во подрачната служба на Фондот од Ресен (19.626 ијади денари).

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, нема превземено мерки за усогласување и утврдување на оправданоста на исплатата на повеќе аванси од негова страна во период од 2002-2005 година, како и контрола на извршените здравствени услуги од страна на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, согласно одредбите од Законот за здравствено осигурување. Не е регулирано затворање на повеќе примените аванси на ЈЗУ Здравствен дом Ресен, како и понатамошно негово финансирање, каде износите потребни за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето се поголеми од фактички извршените здравствени услуги, односно дали е можна примената на членовите 69 и 70 од Законот за здравствено осигурување во поглед на финансирањето на здравствените установи како што е ЈЗУ Здравствен дом Ресен.

17. **Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во кои ЈЗУ Здравствен дом Ресен се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа по:

  - предлог за издавање дозвола за извршување ИС бр. 2049/05 од страна на доверителот ЈЗУ Здравствен дом Ресен спрема должникот Аптека Добро здравје од Ресен во износ од 115 илјади денари со камата која ќе биде пресметана од 11.11.2005 година се до исплатата, поради ненаплатено побарување на дел од фактура.

- Судски спорови во кои ЈЗУ Здравствен дом Ресен се јавува во својство на тужен и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа по:

  - поведена судска постапка пред Основен суд Ресен за враќање на работа на лица на кои работниот однос им престанал на 31.01.2004 година по спроведена постапка за технолошки вишок во ЈЗУ Здравствен дом Ресен П.бр.13,14,15,16,18,19,20 и 21/04 и

  - предлог за издавање дозвола за извршување ИС бр.2049/05 од Електростопанство на Македонија–Електодистрибуција од Ресен, на износ од 31 илјада денари со камата од 01.01.2004 година до исплатата, поради неисплатени фактури за потрошок на електрична енергија од 2002 и 2003 година, кога обврската за плаќање на сметки за електрична енергија ја превземал Фондот за здравствено осигурување, а со акт на Министерството за здравство обврската на ЈЗУ Здравствен дом Ресен почнува од 01.01.2004 година. ЈЗУ Здравствен дом Ресен врз основа на претходното, поднел приговор на предлог за издавање дозвола за извршување.

**Скопје, 08.11.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**ЈЗУ Здравствен дом Ресен**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 4,143 | 4,795 |
| Трансфери и донации | | 78,609 | 79,272 |
| **Вкупно приходи** | | **82,752** | **84,067** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 46,608 | 48,273 |
| Стоки и услуги | | 26,397 | 38,485 |
| Каматни плаќања | | 305 | 10 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **73,310** | **86,768** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 283 | 245 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **283** | **245** |
| **Вкупно расходи** | | **73,593** | **87,013** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **9,159** | **-2,946** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **9,159** | **-2,946** |
| **Непокриени расходи** | | **0** | **2,946** |

**ЈЗУ Здравствен дом Ресен**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 105 | 1,019 |
| Побарувања | | 4,837 | 1,449 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 327 | 0 |
| Побарувања од вработените | | 71 | 8 |
| Побарувања од државата и други институции | | 0 | 30 |
| Активни временски разграничувања | | 71,833 | 6,283 |
| Залихи | | 2,564 | 4,715 |
| **Вкупно тековни средства** | | **79,737** | **13,504** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | | 3,368 | 3,368 |
| Материјални средства | | 25,139 | 25,704 |
| **Вкупно постојани средства** | | **28,507** | **29,072** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | **0** | **2,949** |
| **Вкупна актива** | | **108,244** | **45,525** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 12,037 | 22,319 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 62,186 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 543 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 106 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 146 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 1,444 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 3,155 | 3,509 |
| Пасивни временски разграничувања | | 8,304 | 1,450 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **87,775** | **27,424** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 20,469 | 18,101 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **20,469** | **18,101** |
| **Вкупна пасива** | | **108,244** | **45,525** |

**ЈЗУ Здравствен дом Ресен**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на промените на материјалните и нематеријалните средства и залихи на 01.01.2005 година** | 29,072 | 605 | **29,677** |
| Состојба по претходно спроведени книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните и нематеријалните средства поради примена на пресметковен начин на евидентирање | (13,238) | 1,662 | (11,576) |
| **Состојба 01.01.2005 година** | **15,834** | **2,267** | **18,101** |
| **Зголемување по основ на:** | **373** | **8,729** | **9,102** |
| Набавки | 99 | 6,955 | 7,054 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 274 | 1,774 | 2,048 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Расходување** | **799** | | **799** |
| **Намалување по основ на:** | **139** | **6,770** | **6,909** |
| Отпис на капитални средства | (799) | | (799) |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 938 | | 938 |
| Издадено од залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност | | 6,770 | 6,770 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **16,068** | **4,226** | **19,495** |